Наташа Станојковска-Трајковска[1],
Софија Георгиевска[2],
Маја Арнаудовска[3]
[1]Институт за специјална едукација и рехабилитација, Филозофски факултет-Скопје,
[2]Институт за социјална работа и социјална политика, Филозофски факултет-Скопје,
[3]Дневен центар за деца со оштетен вид, ЈУ МЦСР, Скопје

# ПОВРЗАНОСТА МЕЃУ РАБОТНАТА АНГАЖИРАНОСТ И КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ НА КОРИСНИЦИТЕ НА СТАНБЕНИТЕ ЕДИНИЦИ ЗА ЖИВЕЕЊЕ СО ПОДДРШКА

**Апстракт**

Во текот на изминативе пет децении се случија низа промени во третманот на лицата со интелектуална попреченост. Постои тенденција за редизајнирање на општеството дизајнирано за „здравите, способните и силните“ и создавање инклузивно општество еднакво за сите негови граѓани. Процесот на деинституцијализација е еден од процесите што особено придонесе за подобрување на квалитетот на животот на возрасните лица со интелектуална попреченост и нивна социјална инклузија во сите текови на современото живеење. Проценката на квалитетот на живеењето и поврзаноста со работната ангажираност на возрасните корисници е неизбежна, затоа што процесот резултира со нови конфигурации на потребите и услугите за поуспешна и подобра инклузија во општеството. Со истражувањето се опфатени 80 лица со интелектуална попреченост корисници на станбените единици за живеење со поддршка во Скопје и во Неготино. Заедничките заклучоци упатуваат на тоа дека корисниците на овие станбени единици сметаат дека се потребни дополнителни активности за исполнување на нивното слободно време. Исто така потребно е работно ангажирање на корисниците со повеќе активности затоа што тоа влијае на нивното расположение и се сметаат за општествено корисни граѓани. Генералниот заклучок покажува дека работната ангажираност влијае на квалитетот на животот на оваа категорија луѓе, што укажува на потребата од проширување на дејноста на дневните центри во Скопје и во Неготино и отворање на локалната средина за оваа категорија луѓе. Со ова ќе се придонесе за поголема самостојност и социјална инклузија на возрасните лица со интелектуална попреченост.

**Клучни зборови:** интелектуална попреченост, умерена и тешка интелектуална попреченост, ангажираност во домот, ангажираност во дворното место и економијата, анга-

жираност во дневниот центар, ангажираност во заедницата.

## Вовед

Поимот „квалитет на животот" е мултидимензионален концепт што е под влијание на различни средински и индивидуални фактори како и нивна меѓусебна релација. Станува збор за еден сложен концепт, кој во себе ги вклучува: психолошката состојба на личноста, физичката состојба, личните убедувања и социјалните односи, степенот на самостојност итн. Овој концепт ги зема предвид субјективните задоволства, индивидуалните потреби и барања, настапува во согласност со нивните можности како и подобрување на севкупниот живот на индивидуата. Настапува во согласност со специјалната рехабилитација и едукација и ги прифаќа хуманите вредности (Костиќ-Ивановиќ, В., 2015).

Низ текот на последните две децении актуализирано е прашањето за редефинирање и унапредување на концептот на квалитетот на живеење на лицата со интелектуална попреченост, како во теоретска смисла, во однос на потребите на практичната имплементација во дефинираните одредници во доменот на социјалната политика, така и во однос на креирање на програмата за поддршка и евалуација на сервисните услуги. Вредностите и карактеристиките на индикаторите, со кои се мери квалитетниот живот на лицата со интелектуална попреченост, еднакво зависи од персоналните поединци и од мултидимензионалните обележја, стратегискиот пристап во различни етапи од процесот на хабилитација на таа популација. Предикаторите на квалитетот на живеењето може да се концентрираат во две категории: персонални и социјални. Персоналните категории опфаќаат лични карактеристики (здравствена состојба, индекс на развиени адаптивни вештини и присуство на променливото однесување), а социјалните се однесуваат на карактеристиките на средината како што се: социјалната поддршка, условите во живеењето, динамиката на учество во животните активности, материјалната сигурност како и задоволството од условите на работното место (Kaljača S., Milisavljevič, 2013).

Во последните три децении постои видлива тенденција лицата со интелектуална попреченост што повеќе да учествуваат во различни животни активности во своето опкружување, меѓутоа сè уште не може да се зборува за задоволително ниво на интегрираност. Пред сè поради фактот дека актуелниот систем на рехабилитација не признава, во потребна мера, индивидуални карактеристики, специфичности на потребите и квалитетни животни искуства кај тие лица. Недостапните дефинирања и евалуација на типот и квалитетот на третманот на овие лица за учество во околината се наметнува како суштинска задача што овозмо-

жува луѓето навистина да научат да користат стратегии за олеснување во процесот на поврзување со заедницата. Во спротивно, постои можност и најдобро дефинираните програми за интеграција да бидат потенцијално повеќе штетни и фрустрирачки, отколку корисни (Cummins & Lauy, 2003). Во двете станбени единици што функционираат по принципот живеење со поддршка, и во Неготино и во Скопје, во рамките на дневниот центар се подготвуваат креативни работилници во кои учествуваат корисниците. Тука лицата со интелектуални способности имаат можност да ги развиваат и да ги усвојуваат академските знаења преку креативните работилници.

Дневните центри, освен тоа што обезбедуваат дневно згрижување, овозможуваат и оспособување на едукативните знаења и вештини, културни, забавни и рекреативни активности во рамките на нивните способности. Сите овие активности имаат една цел, а тоа е ублажување на последиците од интелектуалната попреченост.

Според Петров „Тоа претставува изградување и примена на специфични и социјални, медицински, дефектолошки и други облици на работа, кои, меѓу другото, треба да обезбедат основни стимуланси и мотивација кај лицата со интелектуална попреченост за да можат да совладаат голем број пречки и проблеми, како и стекнување определено искуство“. (Петров Р., 1999)

Во темелите на социјалните постапки и на социјалниот модел на попреченост, како и социоеколошки концепти што го фаворизираат значењето на интеракција на лицата со интелектуална попреченост во средина во која живеат, се развива стратегија на систем за поддршка. Системот за поддршка се имплементира во хабилитационите и едукативните служби за личноста со интелектуална попреченост. Концептот на поддршка подразбира процена на специфична потреба за адаптација на индивидуата. Поради тоа се издефинирани стратегиски пристапи што се во согласност со индивидуалните потреби на личноста, нејзините преференции, желби и социокултурни норми (Kaljača S., Milisavljevič, 2013).

Центарот за помош на возрасни лица со интелектуална попреченост „Порака Неготино“ во Неготино е родителска, невладина организација. Програмата за живеење со поддршка на лицата со пречки во интелектуалниот развој претставува активен дел од работата на Центарот за помош на лицата со интелектуална попреченост „Порака Неготино“ - Неготино. Во 2008 година беше отворена првата станбена заедница, а до крајот на 2009 година целосно се формира Службата за живеење со поддршка. Таа претставува првата Служба за живеење со поддршка на лица со пречки во интелектуалниот развој во Република

Македонија. Од јануари 2012 година „Порака Неготино“ - Неготино почна со менаџирање и на Службата за живеење со поддршка во заедницата во Скопје. Оваа Служба располага со седум станбени заедници во Скопје со вкупно 32 лица со попреченост во менталниот развој, кои претходно биле сместени во Специјалниот завод во Демир Капија.

„Порака Неготино“ има воспоставено живеење со поддршка во Неготино и во Скопје. Ваквиот модел на услуга „Порака Неготино“ има за цел да го развие и во другите градови во Македонија. Програмата за живеење со поддршка на лицата со попреченост во менталниот развој претставува активен дел од работата на Центарот за помош на лица со интелектуална попреченост „Порака Неготино“ - Неготино и преку неа моментално им се дава поддршка на вкупно 80 лица со попреченост во интелектуалниот развој во Неготино и во Скопје, кои претходно биле сместени во Специјалниот завод во Демир Капија или во некои други установи, а некои од корисниците доаѓаат од биолошко или од згрижувачко семејство.

Лицата што се корисници се на возраст од 18 до 63 години, односно овој тип поддршка е наменета за возрасни лица со интелектуална попреченост. Распределеност на лицата во станбените заедници според возраста и типот на попреченоста не постои, и поради тоа се нуди различен вид поддршка. Но добиваат 24-часовна поддршка од страна на обучени асистенти. Давањето поддршка на овие лица се реализира преку изведување различни активности во секојдневниот живот во нивните станови, за да им овозможи автономност, самоконтрола и самоефикасност. Исто така, службата обезбедува и соодветна здравствена заштита и грижа за нивното здравје преку обезбедување матичен лекар што е достапен за нив 24 часа.

Службите за домување со поддршка на заедницата на „Порака Неготино“ во поглед на опремата, нагледните, рекреативните и другите средства за работа партиципативно се финансирани од страна на Министерството за труд и социјална политика и Иницијатива на ментално здравје од Будимпешта, а во својата секојдневна работа за организирање поквалитетни услуги на корисниците што ги користат овие сервисни услуги „Порака Неготино“ - Неготино секојдневно работи на нови проекти, иновации и разни други активности во кои се вклучени корисниците.

## Методологија

Истражувањето беше реализирано на вкупната популација корисници на станбени единици за живеење со поддршка во 2018 година. Во моментот на истражувањето вкупно 80 лица со интелектуална попреченост беа корисници на оваа форма на вонинституционална заштита.

На ниво на Република Македонија постојат станбени единици за живеење со поддршка во два града, Скопје и Неготино. Во истражувањето беа опфатени сите лица што се корисници на овие станбените единици. Во моментот на истражувањето во првата единица за живеење со поддршка во Неготино беа сместени 33 корисника, во третата единица исто така во Неготино 16 и во втората служба за живеење со поддршка во Скопје беа сместени вкупно 31 лице.

Предвидените анкетни прашалници беа пополнувани со помош на асистентите вработени во станбените единици. Видот и степенот на попреченост не дозволуваше самостојно пополнување од страна на корисниците. Онаму каде што беше потребно користевме помош од вработените во дневните центри или во станбените единици за живеење со поддршка. За потребите на ова истражување конструиран е прашалник со 16 прашања за процена на работната ангажираност. Овој прашалник е од затворен тип со петостепена скала од Ликертов тип. Шест од исказите се однесуваат на работна ангажираност во домот, 3 на активности во дворното место и во економијата, 3 на ангажираност во дневниот центар и 4 на општествено корисна работа.

## Резултати и дискусија

Проценката на квалитетот на животот кај возрасните лица со интелектуална попреченост, кои се вклучени во програмата за живеење со поддршка, покажува дека сите испитаници припаѓаат во категоријата задоволни испитаници во заедницата, при што две третини спаѓаат во групата на презадоволни испитаници. Висок процент на испитаници, односно 90 проценти се сметаат себеси за еднакво успешни во споредба со други лица во средината во која живеат. Многумина од испитаниците себеси се доживуваат како професионални и компетентни, и задоволни се на своите работни места. Кога станува збор за самостојноста во донесувањето различни одлуки, како еден од индикаторите за квалитетот на животот, таа во голем процент е присутна во секојдневните активности, како што се задоволување на брачните потреби, како и начинот и избор на слободното време и активности, изборот поврзан со вработувањето, располагање со домашниот буџет, лекувањето, и се донесуваат со договор на лицата што даваат помош (Bilić I Bratković, 2004).

На елементарно ниво, кај сите корисници што се згрижени во Службите за самостојно живеење стручните работници од двата града забележуваат позитивни резултати. Резултатите укажуваат на тоа дека ваквата форма на живеење и користењето на ресурсите од локалната заедница, придонесуваат за подобрување на квалитетот на животот на овие лица. Имено, кај поголемиот број од корисниците, пред сѐ забележале дека постои по-

добрување во грижата на елементарната хигиена – миење на рацете пред секој оброк, кај некои од корисниците се подобрени вештините за утринско одржување на хигиената – миење заби и лице. Стручните работници нагласуваат дека кај корисниците се забележува и подобрување на грижата и перцепцијата за хигиената на своето тело. Ова се должи на резултатот дека минимум двапати неделно дали со вербална или, пак, со директна поддршка корисниците ја одржуваат својата хигиена (Елена Степаноска, 2012).

Костиќ-Ивановиќ во својата докторска дисертација го испитува квалитетот на живот кај 130 возрасни лица со интелектуална попреченост од различни животни услови, при што доаѓа до заклучок дека истиот тој се разликува меѓу трите групи испитаници (оние што живеат со своите семејства, институционално и оние што живеат во заедници за самостојно живеење со поддршка). Според самите лица со интелектуална попреченост најдобар квалитет на живеење имаат оние од семејствата. Квалитетот на живот е зависен од интелектуалниот, образовниот и од работниот статус на лицата со попреченост. Авторката истакнува дека постои силна корелација помеѓу можностите за правење избор во секојдневниот живот (самоодлучување) и квалитетот на живеењето (Костиќ-Ивановиќ, 2014).

Во една студија на Агаи, Петров, Георгиевска (2014), направено е испитување кај возрасни лица со интелектуална попреченост за извршување на секојдневните активности за што посамостојно живеење. На прашањето дали лицата со интелектуална попреченост можат – знаат да засноваат семејство, дали можат секојдневно да одат на работа, дали можат самостојно да живеат со одредена поддршка, дали можат да приготват едноставен ручек, родителите се наклонети кон своите деца и сметаат дека тие можат секојдневно да одат на работа, додека стручните лица имаат спротивно мислење, мислат дека овие лица не можат да се оспособат за занимања и да се вработат на неопределено време и полно работно време. Утврдено е дека возрасните лица можат да извршуваат едноставни работни операции, дека ретко остваруваат самостојно живеење, без надзор и помош од други лица и поради забавениот недограден и често дисхармоничен когнитивен развој, овие лица имаат сериозни тешкотии во усвојувањето на хигиенските, работните и социјалните знаења и вештини, особено академските вештини.

Во оваа студија се забележува дека лицата се самостојни во приготвување и послужување оброци, приготвување секојдневен ручек. Истите корисници се самостојни и при сортирање на продуктите. За сите корисници да бидат вклучени во овие активности, дел учествува во поставување на масата за јадење и местење на при-




Графикон 1. *Приказ на работната ангажираност на корисниците од двата града*

борот, а други, пак, за раскревање и пребришување на трошките.

Според студијата на Петров, Степаноска, Станојковска-Трајковска, Мисовска-Стојановска (2014) утврдено е дека престојот во заедницата придонесува за подобра комуникација кај лицата со тешка интелектуална попреченост, а оние што биле сместени таму веќе 2 години имаат просечно развиени комуникациски вештини. Кај оние, пак, со подолг престој комуникативните вештини се зголемувале. Може да се заклучи дека престојот во екстерна средина овозможува развивање на комуникативните вештини и способности. Во истата студија констатирано е дека повеќе од половина од испитаниците воопшто или многу малку знаат да ги распознаат парите. Дури и оние што се во установата повеќе од 3 години слабо ги распознаваат парите.

Од графикон 1 можеме да забележиме дека корисниците од Скопје најмногу се ангажирани во општествено корисна работа и работа во домот, а кај корисниците во Неготино еднакво застапена е работната ангажираност во дневниот центар и во општествената средина.

Табелата 1 покажува статистички значајна разлика на ниво на значајност од $p<0,05$ и може да заклучиме дека лицата кои се работно ангажирани во домот се повеќе задоволни од квалитетот на својот живот.

Табелата 2 не покажува статистички значајна разлика и може да заклучиме дека работната ангажираност во домот не игра улога кај задоволството кај нашиот примерок испитаници.

И покрај нашите очекувања табелата 3 не покажува статистички значајна разлика и може да заклучиме дека работното ангажирање во днев-

| | | Сума на квадрати | Df | Среден квадрат | F | Значајност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работно ангажирани во домот | Помеѓу групите | 1012,465 | 4 | 253,116 | 2,434 | <0,05 |
| | Во групите | 10081,135 | 85 | 118,602 | | |
| | Вкупно | 11093,600 | 89 | | | |

Табела 1. *Значајност на разлики помеѓу групите во однос на работната ангажираност во домот*

ниот центар не влијае на квалитетот на живот на корисниците на станбените единици за живеење со поддршка во Скопје и Неготино.

Табелата 4 не покажува статистички значајна разлика на ниво на значајност.

Тргнувајќи од фактот дека корисниците на станбените единици за живеење со поддршка најмногу се вклучени во активностите во нивниот дом сметаме дека е потребно насочување на активностите на другите три сегменти кои ги проценувавме, а се значајни за функционирањето на самостојниот живот со поддршка, но пред сè воспоставување на социјални контакти и остварување на чувство на корисност во средината, но и заедницата во која живеат лицата со интелектуална попреченост.

Во таа насока, потребно е да се работи на:

- Зголемување на бројот на службите за самостојно живеење за поуспешен процес на деинституцијализација.

| | | Сума на квадрати | Df | Среден квадрат | F | Значајност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работно ангажирани во дворното место и во економијата | Помеѓу групите | 1012,465 | 4 | 253,116 | 1,134 | >0,05 |
| | Во групите | 10081,135 | 85 | 118,602 | | |
| | Вкупно | 11093,600 | 89 | | | |

Табела 2. *Значајност на разлики помеѓу групите во однос на работната ангажираност во дворното место и во економијата*

| | | Сума на квадрати | Df | Среден квадрат | F | Значајност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работно ангажирани во дневниот центар | Помеѓу групите | 1012,465 | 4 | 273,116 | 2,134 | >0,05 |
| | Во групите | 10081,135 | 85 | 138,602 | | |
| | Вкупно | 11093,600 | 89 | | | |

Табела 3. *Значајност на разлики помеѓу групите во однос на работната ангажираност во дневниот центар*

| | | Сума на квадрати | Df | Среден квадрат | F | Значајност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работно ангажирани во општествената заедница | Помеѓу групите | 1042,455 | 4 | 251,116 | 1,934 | >0,05 |
| | Во групите | 10031,135 | 85 | 115,602 | | |
| | Вкупно | 11073,600 | 89 | | | |

Табела 4. *Значајност на разлики помеѓу групите во однос на работната ангажираност во општествената заедница*

- Поголема соработка со локалната самоуправа и вклучување на корисниците на станбените единици за самостојно живеење во активностите на локалната заедница.
- Издигање на јавната свест и информирање на локалната заедница за заеднички живот и прифаќање на лицата со интелектуална попреченост.
- Проширување на дејноста на дневните центри во Неготино и во Скопје и проширување на производството, нивно проширување во компании што би овозможило и приходи за корисниците.

## Заклучок

Со анализата на службите за самостојно живеење со поддршка во заедница на територијата на Република Македонија сакаме да ја дознаеме реалната слика за состојбата на корисниците со интелектуална попреченост, нивниот работен ангажман во самата служба и надвор од неа, како и целосна проценка на нивниот квалитет на живеење. Во текот на истражувањето во рамките на територијата се установи дефицит од ваков вид служби што се наменети за категорија лица со попречености, односно единствено само две служби во Република Македонија опслужуваат возрасни лица со интелектуална попреченост и тоа во градовите Скопје и Неготино. По однос на корелацијата помеѓу работната ангажираност со активности поделени во четири групи се покажа статистички значајна разлика на ниво од $p>0,05$ кај работната ангажираност во домот. Во овој дел веројатно е и најцелосна поддршката од асистентите и најголем број активности се одвиваат во домот па тоа влијае овие активности позитивно да придонесуваат на квалитетот на живот на корисниците. Работната ангажираност кај останатите три групи активности (во дневниот центар, дворното место и економијата и општествената заедница) не покажува позитивна корелација. Ова упатува дека корисниците повеќе треба да се вклучуваат надвор од домот во работни операции кои ќе придонесат за подобрување на севкупниот квалитет на живот и социјалната интеграција.

## Литература

American Psychiatric Association (APA), *Diagnostic and Statistical Manual of Mental Disorders*, 4th ed., text version,Washington, DC: American Psychiatric Association,2000.

Banković, S., Japundža-Milisavljević, M., Brojčin, B., Konceptualne adaptivne veštine kod dece sa intelektualnom ometenošću, Specijalna edukacija i rehabilitacija,2011, 10 (2), 301–317.

Brojcin, B., Glumbic, N., Kaljaca, S., The role of small home communities in deinstitutionalization of persons with intellectual disability, U.V.Durek (Ur.), Zbornik radova 6. medunarodnog seminara *Zivjeti zajedno,2006* (233-242),Varazdin: Savez defektologa Hrvatske.

Brojcin, B., Glumbic, N., Japundza – Milisavljevic, M.,Odnos intelektualnih sposobnosti I pragmatskih vestina kod dece sa lakom intelektualnom ometenoscu skolskog uzrasta, U.M. Gligorovic (Ur.), Zbornik radova II naucnog skupa *Stremljenja i novine u specijalnoj edukaciji I rehabilitaciji,* 2012, (str. 171-177), Beograd: Univerzitet u Beograd – Fakultet za specijalnu edukaciju I rehabilitaciju

Kaljaca, S.,Evaluacija matematickih sposobnosti kod dece sa umerenom mentalnom retardacijom, *Istrazivanja u defektologiji*,2005, 4(6), 123-132.

Kaljača S., Milisavljevič, Život u zajednici osoba sa intelektualnom ometenošću, Beograd,2013.

Костиќ-Ивановиќ, В., Истражување на квалитетот на животот кај лица со попреченост во Р Македонија, *Unapredzenje kvalitete Zivota Djece i Mladih,*2015*,* (стр. 19-30). Tuzla: Udruzenje za podrshki i kreativni razvoj djeca i mladih (I DEO).

Петров, Р., Ѓурчиновска, Л., и Станојковска-Трајковска, Н., Заштита и рехабилитација на лица со инвалидност, Скопје: Филозофски факултет. Институт за дефектологија, 2008.

Петров, Р., Копчарев, Д., и Такашманова, Т., Процесот на деинституционализација на деца од Специјалниот завод во Демир Капија, Дефектолошка теорија и практика. Скопје: Филозофски факултет, Институт за дефектологија, 2004.

Степаноска, Е., Петров, Р., Станојковска-Трајковска, Н., Мишковска-Стојковска, Т., Самостоен живот со поддршка за лица со интелектуална попреченост во Р Македонија, *Unapredzenje kvalitete Zivota Djece i Mladih, 2013,* стр. 455-463, Tuzla: Udruzenje za podrshki i kreativni razvoj djeca i mladih.

Степаноска, Е., труд, Самостоен живот со поддршка за лица со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој, Филозофски факултет, Скопје, 2012.

Станојковска-Трајковска, Н., Марковска, Б., Петов, Р., Семејството - најважна алка во процесот на деинституционализација, Зборник на трудови, Симпозиум со меѓународно учество, Рана интервенција и развојни пореметувања, *2011,* стр. 323-335, Охрид.

Natasha Stanojkovska-Trajkovska[1,]
Sofija Georgievska[2],
Maja Arnaudovska[3]
[1]Institute of Special Education and Rehabilitation,
Faculty of Philosophy-Skopje,
[2]Institute of Social Work and Social Policy,
Faculty of Philosophy-Skopje,
[3]Day-care centre for visually impaired children, JU MCSR, Skopje

# CORRELATION BETWEEN WORK ENGAGEMENT AND QUALITY OF LIFE OF USERS LIVING WITH SUPPORT IN RESIDENTIAL UNITS

## Abstract

Over the past five decades, a number of changes have occurred in the treatment of people with intellectual disabilities. There is a tendency to redesign the society mainly intended for „healthy, capable and powerful" and to create an inclusive society with equal access to all its citizens. Deinstitutionalization is one of the processes that particularly contributed to improving the quality of life of adults with intellectual disabilities and their social inclusion in all mainstreams of contemporary living. Assessing the quality of life and work engagement of adult users is inevitable, as the process results in new configurations of needs and services for more successful and better inclusion in society. The survey includes 80 persons with intellectual disability, beneficiaries of residential units with supported living in Skopje and Negotino. The common findings suggest that users of these housing units consider that additional activities are required to organize their spare time. It is also necessary to engage users with more activities as it affects their mood and are considered socially useful citizens. Generally, it can be concluded that work engagement affects the quality of life of this category of peoples, indicating the need to expand the activity of day care centres in Skopje and Negotino and acceptance in the local environment for this category of people. This will contribute to greater independence and social inclusion of adults with intellectual disabilities.

**Key Words:** intellectual disability, moderate and severe intellectual disability, home engagement and gardening, engagement in day-care centre, engagement in community.

## Introduction

The term "quality of life" is a multidimensional concept influenced by various environmental and individual factors as well as their interrelationships. It is a complex concept that includes: the psychological state of the person, the physical state, personal beliefs and social relationships, the degree of independence, and so on. This concept takes into account subjective pleasures, individual needs and demands, acts in

accordance with their abilities and improves the overall life of the individual. It performs in accordance with special rehabilitation and education and embraces human values (Kostic-Ivanovic, V., 2015).

During the last two decades, the issue of redefining and promoting the concept of quality of life for persons with intellectual disability has been promoted, both theoretically and in terms of the needs of practical implementation in the defined benchmarks in the field of social policy and in this relation with the creation of a support program and evaluation of services. The values and characteristics of the indicators measuring the quality of life of persons with learning disabilities, depend equally on individuals and on multidimensional features, the strategic approach at different stages of the population's habilitation process. The predictors of quality of life can be grouped into two categories: personal and social. Personal categories include personal characteristics (health status, index of developed adaptive skills and presence of changing behaviour), and social ones refer to the characteristics of the environment such as: social support, living conditions, dynamics of participation in life activities, material security as well as job satisfaction (Kaljača S., Milisavljevič, 2013).

In the last three decades, people with intellectual disabilities tend to be more likely to participate in different life activities in their surroundings, but a satisfactory level of integration cannot yet be discussed. Primarily because of the fact that the current rehabilitation system does not recognize, to the extent necessary, individual characteristics, specifics of needs and quality of life experiences in those individuals. Inaccessible definitions and evaluations of the type and quality of treatment of these people for participation in the environment arise as an essential task that enables people to truly learn to use strategies to facilitate community engagement. Otherwise, well-defined integration programs can potentially be more harmful and frustrating than useful (Cummins & Lauy, 2003). In the two residential units operating on the principle of supportive living, both in Negotino and Skopje, creative workshops are being prepared within the day centre with beneficiaries participating. Here, people with intellectual abilities have the opportunity to develop and adopt academic knowledge through creative workshops.

Day-care centres, in addition to providing day care, also provide training in educational knowledge and skills, cultural entertainment and recreational activities within their capabilities. All of these activities have one goal, which is to alleviate the consequences of intellectual disability.

According to Petrov, "It is the construction and application of specific and social, medical, special education and other forms of work, which, among other things, should provide basic stimuli and motivation of intellectually impaired persons to overcome many ob-

stacles and problems, such as gaining some experience." (Petrov R., 1999)

A support system strategy is being developed on the basis of social processes and the social model of disability, as well as socio-environmental concepts that favour the importance of interacting with persons with intellectual disabilities in the environment they are living in. The support system is implemented in the Habitational and Educational Services for the Person with Intellectual Disability. The concept of support implies an assessment of the specific need for adaptation of the individual. Therefore, it defines strategic approaches that are in line with the individual's personal needs, preferences, desires and socio-cultural norms (Kaljača S., Milisavljevič, 2013).

The Centre for Support of Persons with Intellectual Disabilities "Poraka –Negotino" from Negotino is a parenting, non-governmental organization. The Living with Support Program for People with Intellectual Disabilities is an active part of the work of the Centre for Support for Persons with Intellectual Disabilities "Poraka Negotino" - Negotino. The first residential community was opened in 2008, and by the end of 2009 the Supportive Living Service was fully established. It is the first Living Support Service for persons with intellectual disabilities in the Republic of North Macedonia. Since January 2012, "Poraka Negotino" - Negotino started managing the Community Supported Living Services in Skopje. This Service has seven residential communities in Skopje with a total of 32 people with intellectual impairment who were previously housed in the Special Institution in Demir Kapija.

"Poraka Negotino" has established supportive living in Negotino and Skopje. "Poraka Negotino" aims to develop this model of service in other cities in country. The Supportive Living Program for People with Intellectual Disabilities is an active part of the work of the Centre for Support of Persons with Intellectual Disabilities "Poraka Negotino" - Negotino and it currently supports a total of 80 persons with intellectual disabilities in Negotino and Skopje, formerly housed in the Special Institution in Demir Kapija or some other institutions, and some of the beneficiaries come from biological or foster families.

The beneficiaries are from 18 to 63 years old, i.e. this type of support is intended for adults with intellectual disability. The distribution of persons in housing communities by age and type of disability does not exist, and therefore different types of support are offered. But they receive 24-hour support from trained assistants. Supporting these people is realized through performing various activities in their daily lives in their apartments, for the purpose of enabling them autonomy, self-control and self-efficacy. The service as well provides adequate health care by providing a 24-hour family doctor.

Community-supported housing services of "Poraka Negotino" in terms of

equipment, teaching, recreational and other means of work are co-financed by the Ministry of Labour and Social Policy and the Mental Health Initiative from Budapest, in their daily work for organizing better quality services to the users who use these services "Poraka Negotino" - Negotino is working on new projects, innovations and various other activities that involve the users on a daily basis.

## Methodology

The survey was conducted with a census of the population users of residential units with support in 2018. At the time of the survey, a total of 80 persons with intellectual disability were beneficiaries of this form of non-institutional protection.

At the level of the Republic of North Macedonia there are housing units with support in two cities, Skopje and Negotino. The survey covered all persons who are beneficiaries of these housing units. At the time of the survey 33 users were accommodated in the first unit for support in Negotino, 16 in the third unit in Negotino and 31 in the second unit for support in Skopje.

The survey questionnaires were completed with the help of assistants employed in the residential units. The type and degree of disability did not allow for independent filling out by users. Where needed, we used help from staff in day-care centres or residential support units. For the purpose of this research a questionnaire with 16 questions on job engagement assessment was designed. This questionnaire is of a closed type with a five-point Likert-type scale. Six of the statements refer to work engagement at home, 3 to activities in the backyard and in the household economy, 3 to engagement in day-care centre, and 4 to community work.

## Results and discussion

Assessment of the quality of life of adults with intellectual disabilities included in the supported living program shows that all respondents belong to the category of satisfied respondents in the community, where two thirds belong to an overly satisfied group. A high percentage of respondents, or 90 percent, consider themselves equally successful compared to other people in their home environment. Many of the respondents perceive themselves as professional and competent, and are satisfied with their jobs. When it comes to autonomy in making different decisions, as one of the indicators of quality of life, it is largely present in everyday activities, such as satisfying marital needs, as well as the way and choice of leisure activities, choice related with employment, disposal of the domestic budget, and treatment, are managed in agreement with the persons providing assistance (Bilić i Bratković, 2004).

At the basic level, at all beneficiaries of Independent Living Services professionals in both cities report positive results. The results suggest that this form of living and the use of resources by the

local community contributes to improving the quality of life of these people. Namely, the majority of users have noticed that there has been an improvement in basic hygiene care - hand washing before each meal, and some users have improved morning hygiene - tooth and face washing skills. Experts point out that users also notice an improvement in the perception of their body hygiene. This is due to the result that users maintain their hygiene at least twice a week whether with verbal or with direct support (Elena Stepanoska, 2012).

In his doctoral dissertation, Kostic-Ivanovic examines the quality of life of 130 adults with intellectual disabilities from different living conditions, concluding that the quality of life differs between the three groups of respondents (those living with their families, institutionally and those living in self-supporting communities). According to the people with intellectual disability, the best quality of life is given to those from families. The quality of life depends on the intellectual, educational and working status of persons with disabilities. The author points out that there is a strong correlation between choices in everyday life (self-determination) and quality of life (Kostic Ivanovic, 2014).

In a study by Agai, Petrov, Georgievska (2014), a study was conducted regarding adults with intellectual disabilities performing daily activities for an improved independent living. Asked if people with intellectual disabilities can know how to establish a family, can on a daily bases go to work, can live independently with some support, can prepare a simple lunch, parents are sympathetic to their children and feel that they can go to work, while professionals have the opposite opinion thinking that these people cannot be trained for occupations and cannot be employed for a full time. If was determined that adults are able to perform simple work operations, they rarely live independently, without supervision and assistance from others, and due to slowed-down and often disharmonic cognitive development, these individuals have serious difficulties in acquiring hygiene, occupational and social skills and abilities, especially academic skills.

This study notes that individuals are self-sufficient in preparing and serving meals, as well as preparing daily lunch. The same users are independent when sorting products. For the purpose of involving all the users in these activities, some participate in setting the table for dining and adjusting the utensils, and others in clearing and wiping the crumbs.

According to Petrov's study, Stepanoska, Stanojkovska-Trajkovska, Misovska-Stojanovska (2014) it is found that staying in the community contributes to better communication with people with severe intellectual disability, and those who have been there for 2 years have average communication skills. Communication skills have increased at those with longer stays. It can be concluded that staying in an external




Chart 1. *Summary of the work engagement of users from both cities*

environment enables the development of communication skills and abilities. The same study shows that more than half of the respondents know very little or nothing about money. Even those who have been in the facility for more than 3 years have low ability to recognize the money.

Table 1 shows a statistically significant difference at the significance level of $p < 0.05$ and we can conclude that people employed at home are more satisfied with their quality of life.

Table 2 shows no statistically significant difference and we can conclude that work engagement in yard does not play a role in satisfaction with our sample of respondents.

Despite our expectations, Table 3 does not show a statistically significant difference, and we can conclude that working in a day-care centre does not affect the quality of life of users of resi-

| | | Sum of squares | Df | Mean Square | F | Sig |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Work engagement at home | Between the groups | 1.012,465 | 4 | 253,116 | 2,434 | <0.05 |
| | Within the groups | 10.081,135 | 85 | 118,602 | | |
| | Total | 11.093,600 | 89 | | | |

Table 1. *Significance of differences between groups regarding work engagement at home*

| | | Sum of squares | Df | Mean Square | F | Sig |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Work engagement in the backyard and in the household economy | Between the groups | 1.012,465 | 4 | 253,116 | 1,134 | >0.05 |
| | Within the groups | 10.081,135 | 85 | 118,602 | | |
| | Total | 11.093,600 | 89 | | | |

Table 2. *Significance of differences between groups with regard to work engagement in the backyard and in the household economy*

dential units with support in Skopje and Negotino.

| | | Sum of squares | Df | Mean Square | F | Sig |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Work engagement in day-care centre | Between the groups | 1.012,465 | 4 | 273,116 | 2,134 | >0.05 |
| | Within the groups | 10.081,135 | 85 | 138,602 | | |
| | Total | 11.093,600 | 89 | | | |

Table 3. *Significance of differences between groups regarding day-care centre engagement*

Table 4 shows no statistically significant difference at significance level.

Starting with the fact that users of residential units with support are mostly involved in the activities in their home, we believe that it is necessary to focus on the activities of the other three segments we evaluated, important for the functioning of a supportive independent life, but above all social contacts and the realization of a sense of usefulness in the environment as well as in the community where people with intellectual disability live.

| | | Sum of squares | Df | Mean Square | F | Sig |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Work engagement in the community | Between the groups | 1.042,455 | 4 | 251,116 | 1,934 | >0.05 |
| | Within the groups | 10.031,135 | 85 | 115,602 | | |
| | Total | 11.073,600 | 89 | | | |

Table 4. *Significance of differences between groups in terms of work engagement in the community*

In that direction, it is required to work on:

- Increasing of the number of Independent Living Services for a more successful deinstitutionaliza tion process;
- Greater cooperation with the local government and involvement of the beneficiaries of the residential units for independent living in the activities of the local community;
- Raising public awareness and informing the local community about living together and accepting people with intellectual disabilities;
- Expanding the activity of the day centres in Negotino and Skopje and expanding the production, expanding them into companies that would provide income for the users.

## Conclusion

By analysing Communities of Supported Living Services on the territory of the Republic of North Macedonia, we want to identify the factual situation of users with intellectual disabilities, their engagement in and out of the service facility, as well as to fully assess their quality of life. During the research we have identified a deficit of services intended for this category of persons with disabilities. Namely, there are only two available services in the Republic of North Macedonia provided for persons with intellectual impairments in the cities of Skopje and Negotino. Whereas the correlation between work engagement activities divided into four groups showed no statistically significant difference at the level of $p > 0,05$ in work engagement at home. Within this realm there is probably the most complete support from assistants and most of the activities are taking place in the home so that impacts on these activities to positively contribute to users' quality of life. Work engagement with the other three groups of activities (in the daycare centre, backyard, household economy and social community) did not show a positive correlation. This suggests that users should be more involved outside the home in work operations that will contribute to improving overall quality of life and social integration.

## Bibliography

American Psychiatric Association (APA), *Diagnostic and Statistical Manual of Mental Disorders*, 4th ed., text version, Washington, DC: American Psychiatric Association, 2000.

Banković, S., Japundža-Milisavljević, M., Brojčin, B., Konceptualne adaptivne veštine kod dece sa intelektualnom ometenošću, Specijalna edukacija i rehabilitacija, 2011, 10 (2), 301–317.

Brojcin, B., Glumbic, N., Kaljaca, S., The role of small home communities in deinstitutionalization of persons with intellectual disability, U.V. Durek (Ur.), Zbornik radova 6. medunarodnog seminara *Zivjeti zajedno,2006* (233-242), Varazdin: Savez defektologa Hrvatske.

Brojcin, B., Glumbic, N., Japundza – Milisavljevic, M.,Odnos intelektualnih sposobnosti I pragmatskih vestina kod dece sa lakom intelektualnom ometenoscu skolskog uzrasta, U.M. Gligorovic (Ur.), Zbornik radova II naucnog skupa *Stremljenja i novine u specijalnoj edukaciji I rehabilitaciji,* 2012, (str. 171-177), Beograd: Univerzitet u Beograd – Fakultet za specijalnu edukaciju i rehabilitaciju

Kaljaca, S.,Evaluacija matematickih sposobnosti kod dece sa umerenom mentalnom retardacijom, *Istrazivanja u defektologiji*, 2005, 4(6), 123-132.

Kaljača S., Milisavljevič, Život u zajednici osoba sa intelektualnom ometenošću, Beograd,2013.

Костиќ-Ивановиќ, В., Истражување на квалитетот на животот кај лица со попреченост во Р.Македонија, *Unapredzenje kvalitete Zivota Djece i Mladih,*2015*,* (стр. 19-30). Tuzla: Udruzenje za podrshki i kreativni razvoj djeca i mladih (I DEO).

Петров, Р., Ѓурчиновска, Л., и Станојковска-Трајковска, Н., Заштита и рехабилитација на лица со инвалидност, Скопје: Филозофски Факултет. Институт за дефектологија, 2008.

Петров, Р., Копчарев, Д., и Такашманова, Т., Процесот на деинституционализација на деца од Специјалниот завод во Демир Капија, Дефектолошка теорија и практика. Скопје: Филозофски Факултет, Институт за дефектологија, 2004.

Степаноска, Е., Петров, Р., Станојковска-Трајковска, Н., Мишковска-Стојковска, Т., Самостален живот со поддршка за лица со интелектуална попреченост во Р. Македонија, *Unapredzenje kvalitete Zivota Djece i Mladih, 2013,* стр. 455-463, Tuzla: Udruzenje za podrshki i kreativni razvoj djeca i mladih.

Степаноска, Е., магистерски труд, Самостален живот со поддршка за лица со поддршка за лице со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој, Филозофски факултет, Скопје, 2012.

Станојковска-Трајковска, Н., Марковска, Б., Петов, Р., Семејството - Најважна алка во процесот на деинституционализација, Зборник на трудови, Симпозиум со меѓународно учество, Рана интервенција и развојни пореметувања, *2011,* стр. 323-335, Охрид.